WHY CHOOSE A PUBLIC HIGH SCHOOL?
INFORMATION FOR PARENTS AND CARERS
INFORMATION SHEET 1

# Зошто да изберете државно средно училиште?

## Информации за родители и старатели







Државните средни училишта ги подготвуваат младите како возрасни да водат исполнет живот што нуди задоволство и успешно да се соочуваат со предизвиците на модерниот свет.

### Квалитетна настава и учење

Училиштата во државниот школски систем на NSW користат NSW Quality Teaching Framework (систем на настава, учење и оценување со кој се подобруваат резултатите во учењето кај учениците) за да можат да понудат интересна, соодветна и привлечна настава и учење. Нашите наставници се комплетно обучени и факултетски образовани. Нашите училишта исто така можат да користат стручни консултанти кои на наставниците редовно им нудат советување и обука за да обезбедат нашата настава и учењето во училницата и понатаму да бидат од највисок стандард.

### Богата наставна програма

Државните средни училишта во NSW им нудат на учениците голем избор на предмети, можности и стручност. Преку можностите за стручно образование и обучување, нашите ученици не само што изучуваат голем број школски предмети, туку исто така можат да посетуваат различни курсеви, од кои многу се нудат во соработка со TAFE институтите. Учениците во повисоките класови исто така можат да изучуваат факултетски предмети кои се поврзани со HSC (Свидетелство кое се добива за успешно завршување на пропишаните предмети во Year 11 и 12). Многу училишта во внатрешноста и зафрлените области користат врски со компјутери за да можат да понудат дополнителни предмети.

### Квалитетни вредности

Вашето локално државно средно училиште ќе продолжи со школувањето за важните вредности кое започна во основното училиште на вашето дете. Неопходно е нашите ученици да разбираат колку се важни работите како што се почитувањето на други, одговорноста, чесноста, совршеноста, отвореноста, соработката, учеството, водењето грижа, непристрасноста и демократијата. На овој начин, можеме да му помогнеме на вашето дете:

- да стекне љубов кон учењето
- да се стреми кон совршеност и високи стандарди
- да научи да се грижи за себе и да има почит кон себе и кон другите

NSW GOVERNMENT | Education Public Schools

MACEDONIAN

- да се гордее со својата работа
- да покажува силно чувство на непристрасност и социјална правда
- да има разбирање за историјата и мултикултурното друштво на Австралија
- да учествува активно како граѓанин.

## Одлична поддршка

Една од најважните предности на државниот школски систем е огромната мрежа на луѓето кои работат за да обезбедат секое дете да може успешно да се прилагоди на новата школска средина. Во големиот избор на поддршка со која на учениците им се помага успешно да преминат во средно училиште се вклучуваат:

- советниците за ученици
- советниците за професионална определба
- групите за социјална грижа за ученици
- квалификувани школски советници
- наставници за поддршка на ученици кои имаат тешкотии при учењето
- наставници по англиски како втор јазик
- помошници за школување на Абориџини
- службеници за информирање и врски со заедницата.

## Фокус на учениците на возраст меѓу 11 и 15 години (Years 5 - 9)

Во државните училишта низ NSW е утврдено дека првенствено треба да им се помага на децата меѓу 11 и 15 години. Училиштата имаат подготвено многу успешни програми за децата на оваа возраст за да обезбедат преминот во средно училиште да биде колку што се може полесен и поспокоен за учениците и родителите.

**Високи академски резултати, квалитетна настава и учење, богата наставна програма, квалитетни вредности, одлична поддршка и фокус на учениците на возраст меѓу 11 и 15 години - шест добри причини да го запишете вашето дете во државно средно училиште.**

## Телефонска преведувачка служба

Ако ви треба преведувач за да ви помогне да му се јавите на директорот, ве молиме телефонирајте во Телефонската преведувачка служба на 131 450 и побарајте преведувач на вашиот јазик. Преведувачот ќе му се јави на директорот и ќе остане на линија за да ви помогне при разговорот. За оваа услуга не треба да платите.

NSW Department of Education

GPO Box 33
Sydney NSW 2001
T 9561 8000

Education Public Schools